Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 98/0306
18.05 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 25 април 2023 година, врз основа на примена жалба од Славчо Неделковски, претседател на Управниот одбор на Детско ликовно студио “Свети Кирил и Методиј” - Битола ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА

**Комисијата одлучи дека е неоснована жалбата на Славчо Неделковски за текстот со наслов „Одржувањето на ‘Малиот битолски Монмартр’ доведено во прашање!?“, објавен во дневниот весник „Нова Македонија“ на 1 март 2023 година.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) Славчо Неделковски, претседател на Управниот одбор на Детско ликовно студио “Свети Кирил и Методиј” - Битола поднесе жалба за текстот со наслов „Одржувањето на ‘Малиот битолски Монмартр’ доведено во прашање!?“, објавен на 01.03.2023 година.

Жалителката наведува дека во текстот се прекршени членовите 1 и 13 од Кодексот на новинарите на Македонија, односно дека спорната содржина има елементи на прекршувања по следниве основи: неточно и нефер известување, пристрасност и неурамнотеженост во информирањето и мешање факти и мислење, односно вест и коментар. Воедно, жалителот укажува дека со објавувањето на текстовите се деградира улогата на Управниот одбор на Детското ликовно студио “Свети Кирил и Методиј” од Битола, кое е носител на светски реномираниот детски ликовен бренд “Мал Битолски Монмартр”.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот на жалбата стапи во контакт со дневниот весник „Нова Македонија“ и побара да се изјасни по однос на наводите.

Во одговорот на адвокатското друштво Менинковски, во својство на правен застапник на „Нова Македонија“ се вели дека ја оспоруваат поднесената жалба како неоснована, неразбирлива и неприфатлива и дека „текстот е објавен согласно етичките норми на новинарите и согласно правото на слободно изразување утврдено како во македонското законодавство, така и во член 10 од Европската конвенција за заштита на човековите права и слободи“. Во одговорот исто така се вели дека заради рамнотежа во известувањето објавени се сите важни изјави од Управниот одбор на Ликовното студио и од Министерството за култура, како и дека „текстот е професионално обработен, со аналитички пристап и со подробни податоци.“

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби едногласно одлучи дека во новинарскиот текст не се пронајдени елементи на повреда на членовите од Кодексот нановинарите, на кои упатува жалителот.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА**

На седницата одржана на 25 април, 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата за жалби одлучи дека нема основа за да утврди прекршување на членот 1 од Кодексот на новинарите, кој се однесува на неточно и нефер известување и пристрасност при известувањето, бидејќи медиумот се осврнал на последните случувања поврзани со можноста манифестацијата Мал битолски Монмартр да не се одржи, при што се пренесуваат ставовите на повеќе засегнати страни.

Комисијата исто така не најде прекршување на членот 13 од Кодексот кој се однесува на мешање на новинарските жанрови вест и коментар, односно на факти и мислења или ставови.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, СнежанаТрпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби

Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595